UDK 902

ISSN 0350-0179 (print)
ISSN 2545-4358 (online)

BALCANOSLAVICA
47

2018

vol. 47
Issue 2

BALCANOSLAVICA VOLUME 47, ISSUE 2, pag. 1-385, PRILEP, 2018

МАРКОВИ КУЛИ-ВАРОШ ВО КОНТЕКСТОТ НА РАНОВИЗАНТИСКИОТ СИГНАЛЕН СИСТЕМ ВО VI ВЕК Н.Е.

Виктор ЛИЛЧИЌ АДАМС
Филозофски факултет - Скопје
УКИМ
viktorlilcik@gmail.com

изворен научен труд
прифатен: 26.05.2019
УДК 904:654.924(497.775)"5"

Апстракт: *Во текстот се публикуваат сознанијата за сигналното алармирање од регион на Скопје до пелагонскиот град на Маркови Кули и Поткули, Варош, во текот на VI век н.е., за варварските напади. Се работи за две сигнални линии: 1) Кале, Барово - долината на реката Треска - Кале Лениште, Дебреште - Варош и 2) Клепа, Двориште - Кале, Крива Круша - Трескавец - Варош.*

Клучни зборови: *VI век, алармирање, градот на Маркови Кули, Варош*

Во текот на интензивното теренско истражување на Вардарскиот систем на визуелна сигнализација од VI век н.е.[1] и константните истражувања на кастелите источно и западно од долината на Вардар, согледав дека постоеле следните две западни сигнални линии за алармирање на античкиот град на Маркови Кули-Варош, а веројатно и останатите пелагонски градови, и тоа од Скопскиот басен до Пелагонскиот басен долж долината на реката Треска, и од Средното Повардарје до Пелагонија.

I. Сигнална линија по долината на Треска

Оваа сигнална линија водела преку рановизантиските кастели: 1) Кале, Барово – 2) Врв Брикул, Луковица – 3) Кале Јасики, Седларево – 4) Кале Лениште, Дебреште – Маркови Кули, Варош.

1. Кале / Градиште, Барово, Шишево, Грчец, општини Сопиште и Сарај

Локалитетот Кале / Градиште е одамна познат во литературата[2]. Прво археолошко те-

1 В. Лилчиќ Адамс, „Јустинијановиот оптички телеграф низ Република Македонија", во *Зборник на трудови од Четвртиот меѓународен симпозиум "Денови на Јустинијан I"*, Скопје, 11-12 ноември, 2016 г. (Скопје : Универзитет "Евро-Балкан", 2017), 168-180; V. Lilchikj Adams, The visual Communication System of the Early Byzantine Castles along the Via Axia in the Republic of Macedonia in the 6th Century AD, во: „*Space, Landscapes and Settlements in Byzantium*", Presented to Hohannes Koder, (Vienna : Digitising Patterns of Power : Tabula Imperii Byzantini ; Novi Sad : Akademska knjiga), 2017, 237-249, илустрации, карта: 484-498.

2 Локалитетот го споменува во литературата Ј. Ф. Трифуноски, *Слив Маркове Реке : антропогеографска проматрања* (Скопље : Филозофски факултет на универзитетот - Скопје,историско-филолошки оддел, 1958), 141., како Градиште: „*Изнад Барова на гребену Водна (око пола часа хода) лежи потес Градиште. То је истакнуто узвишење одакле се по казивању, виде Скопље, Тетово и друга удаљенија насеља. На Градишту познају се зидови, ћерамиде, опеке и руше ископане у земљи. Сељаци причају да је ту некада 'било градче'*". Истиот локалитет го споменува и: I. Mikulčić, „Barovo, Gradište", во: *TIR*, (Ljubljana : SAZU, 1976), 22.; И. Микулчиќ, Старо Скопје со околните тврдини, (Скопје : Македонска книга, 1982), 71-73.; I. Mikulčić, *Spätantike und frühbyzantinische Befestigungen in Nordmakedonien : Städte - Vici - Refugien - Kastelle* (München : Verlag C.H. Beck, 2002), 146-148., најнапред како Градиште, а подоцна како



Сл. 1. Монети од локалитетот Кале - Барово: 1, 2 Анастасиј, 3, 4, 5 Јустинијан

Fig. 1. Coins from the locality Kale - Barovo: 1, 2 Anastasij, 3, 4, 5 Justinian

ренско истражување реализирал И. Микулчиќ. Подоцна В. Лилчиќ Адамс организирал неколку истражувачки посети на локалитетот. И во двата случаи, третманот на локалитетот бил со методот на рекогносцирање. Заклучно до 2017 година, се собрани голем број информации за овој значаен археолошки локалитет. Откриени се бронзени монети на: Марко Антониј (35 год. пр. н.е.); Марко Аврелиј (161-180);Константин II (337-340); Крисп (317-326); Аркадиј (283-408); Анастазиј I (491-518); Јустин I (518-527) и Јустинијан I (527-565). Постои опција за секундарна употреба на монетите на Марко Антониј и Марко Аврелиј, во VI век н.е. Откриени се и железни врвови од стрели, доцноантички фибули и друго. Нема наоди од полниот среден век. Тука, за нас е значајно што регистриравме особено силен, културен хоризонт од VI век н.е.

Се работи за доминантна кота (1044 м), на крајниот западен дел од планинскиот гребен Каршијак / Водно. Утврдениот периметар го делат три катастарски општини: Барово, Шишево и Грчец. Врвот претставува релативно зарамнето плато, со приближно четириаголна форма. Утврдената површина е голема 100х80 м. Фортификациската рамка се состои од силен одбранбен ѕид од кршени варовнички камења, врзани во цврста малтерна техника.

Кастелот на Кале, очигледно претставувал државна инвестиција, и тоа во функција на одбраната на градот Скупи во доцната антика, со визуелно алармирање. Стражарите од овој стратегиски кастел – спекула, имале задача да ја примаат сигнализацијата од соодветните кастели од западните влезови во Скопскиот басен: Кука-село Рогле, Кале -село Горно Свиларе, Голема Кула-село Горно Свиларе / Кучково и евентуално од Врв Брикул-село Луковица и да го известуваат градот Скупи што се наоѓал на вливот на реката Лепенец во Вардар, под селото Злокуќани[3]. Меѓутоа, стражарите во кастелот ги гледале и сигналите од рановизантиското гратче на Давина Кула, Чучер во клисурата на Лепенец, и ги препраќале на југ - југозапад кон

Градиште / Кале. На геодетските планови на Републичката геодетска управа на Република Македонија, размер 1 : 2500, е забележан како Кале во атарот на К.О. Грчец, односно Градиште во К.О. Барово.

3 В. Л. Адамс & И. Ширтовски, „Контрола на западните влезови во Скопско во времето на Јустинијан I“, во *Византија и Словените : средновековни и модерни перцепции и рецепции : зборник на трудови од Петтиот меѓународен симпозиум «Денови на Јустинијан I»*, Скопје, 17-18.11.2017 (Скопје: Евро-Балкан, 2018).



Сл. 2. Железна фибула од лок. Врв Брикул - Луковица
Fig. 2. Iron fibula from the locality Peak Brikul - Lukovica



Сл. 3. Врв од троребреста стрела од лок. Кале - Седларево

Fig. 3. Top of a three-pointed arrow from the locality Kale - Sedlarevo

кастелот на Врв Брикул, Луковица. Дистанцата изнесува 14 километри.

2. Врв Брикул, Луковица, општина Желино

Локалитетот Врв Брикул е наредната сигнална точка во сигналната линија кон Маркови Кули-Варош. Врв Брикул претставува доминантен врв со кота 1238 метри, над десниот брег на реката Треска. Прв го забележал Ј. Трифуноски во текот на неговите истражувања, 1949 година[4]. Го истражувал, документирал и публикувал В. Лилчиќ[5]. Била утврдена голема триаголна површина. Кастелот се состои од три дела. Мала триаголна акропола на врвот, западно подградие со протеихизма и второ западно подградие. Во акрополата бил подигнат објект со цврст варовен ѕид. Наодите податливи за датирање се: бронзени монети на римските цареви Константин I (307-337), Валентинијан (364-375), византиска монета од типот ураниск, железни фибули, врв од една стрелица, и сите тие укажуваат на два културни хоризонти, од IV - VI и од XII-XIII век. Сметам дека доцноантичкиот кастел Врв Брикул освен што бил значајна спекула во рановизантискиот сигнален систем, ја имал и задачата на контрола на провинциската граница помеѓу доцноримските провинции Дарданија (Скопско-Кумановско и Косово) и Македонија Втора (регионот на Полог, Кичевско, Средното Повардарје и долината на Брегалница).

3. Кале Јасика, Седларево / Саларево, општина Желино

Наредниот кастел-спекула е тврдината на карпестиот рид Кале Јасика над селото Седларево, на само 3 километри југозападно од Врв Брикул. Кастелот е забележен во археолошката карта на Република Македонија[6], меѓутоа првото истражување со документирање на планиме-

4 Ј. Трифуноски, „Села на Сухој Гори“, *Гласник етнографског института САН* вол. I/1-2 (1952): 400.

5 Врв Брикул, с. Луковица во: В. Лилчиќ, „Матка во античкиот период“, во: *Матка културно наследство* (Скопје : Данте, 2011), 76-79.

6 С. Костадиноски, „Кодра Нљт, Седларево“ во *Археолошка карта на Република Македонија*, том II (Скопје : МАНУ : Музеј на Македонија, Археолошки оддел, 1996), 424., го дава првиот археолошки опис на локалитетот: *38. Седларево Брдо – Кодранљт, утврдена населба од доцноантичкото време. На 2 км југоисточно од селото, на висок рид со зарамнето плато што доминира над непосредната околина, се гледаат остатоци од одбранбените бедеми и кули. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и грамади од градежен материјал. Бедемот е ѕидан од делкани камења без малтер.*



Сл. 4. *Монети од локалитетот Кале Лениште, село Дебреште: 1 Анастасиј; 2 Јустинијан, 3, 4, 5 Јустин II*

Fig. 4. Coins from the locality Kale Lenishte, village of Debreshte: 1 Anastasij; 2 Justinian, 3, 4, 5 Justinian II

тријата на кастелот го реализирал В. Л. Адамс. Тој согледал силно утврдена површина голема 105x45 метри со одбранбен ѕид во малтерен опус емплектон, бранета со најмалку три правоаголни кули. Меѓу скромните наоди се издвојува врв од железна тророебреста стрелка, типична за VI век н.е.[7]. Највисоката кота на кастелот изнесува 1374 метри.

4. Кале Лениште и Кале, село Дебреште-општина Долнени

Нарединот кастел-спекула е Кале Лениште, со котата 1274 метри, на доминантниот рид, што се издига над западната периферија на пелагонското село Дебреште. Локалитетот го споменува Ј. Трифуноски[8]. Дистанцата од 45.3 километри до Кале Лениште, Дебреште е иста, и од Кале Јасика, Седларево, и од Врв Брикул, Луковица. Ридот Кале Лениште, на 2 км јужно од планинскиот премин Барбарас (кота 865 м), се издига над него за 409 метри. Оваа дистанца и кота укажуваат на фактот дека примарната функција на кастелот на Кале Лениште не можела да биде непосредна контрола на преминот Барбарас. Меѓутоа, постои друг таков кастел. Тоа бил кастелот на ридот Острец / Остреши, Барбарас (кота 1033 м), рид што се издига непосредно над самиот превој, на неговата северна страна. Дистанцата од превојот изнесува 650 метри, а височината 383 метри. Истражувањата на В. Л. Адамс укажуваат на хипотезата дека токму превојот Барбарас биле историски споменатите пелагонски теснини (*faucibus ad Pelagoniam; angustias quae ad Pelagoniam sunt mitit: faucibus Pelagoniae*), споменати кај Тит Ливиј, во контекстот на воената мисија на младиот македонски крал Персеј, во 199 година пр. н.е., за спречување на Дарданците кои како римски сојузници, според договор, требале да нападнат од север[9]. Како што гледаме, на Острец е регистриран

7 В. Лилчиќ, „Матка“, 79-82.

8 Ј. Ф. Трифуноски, *Битољско-прилепска котлина : антропогеографска проучавања*, (Београд : Српска академија наука и уметности, 1998), 281, фуснота 3: *Кале[3] (То је узвишење на граници са Кошином (на карти: Лениште, 1273 м), подаци о њему изнети су у опису Кошина); Кошино: На падини Бушеве планине, такође постоји место звано Каља. И тамо на заравњеном темену познају се слаби остаци заштитног бедема. У близини избија извор Марков кладенац (назван, кажу, по Марку Краљевићу)...* Според описите на месностите Кања/Кале под селата Дебреште и Кошино, на мнение сум дека Ј. Трифуноски помешал два различни локалитети, и тоа, Кале Лениште над Дебреште, и Кале Земник над соседното село Кошино.

9 В. Лилчиќ, „Fauces Pelagoniae“, *Македонско Наследство* бр. 4 (1997): 31-32; Истиот, *Линкестида и Деврион, Корпус на старите градови и тврдини во Република Македонија* том I, (Скопје : Македонска Цивилизација, 2009), 49, 209, 210.



Сл. 5. Лок. Кале - Барово, снимено од југоисток

Fig. 5. Site Kale - Barovo, photographed from the south-east



сл. 6. Лок. Врв Бркикул - Луковица снимен од Кале - Седларево

Fig. 6. Site Vrv Brkikul - Lukovica, photographed from Kale - Sedlarevo



Сл. 7. Лок. Кале - Седларево, снимено од запад

Fig. 7. Site Kale - Sedlarevo, photographed from the west



Сл. 8. Лок. Кале Лениште - Дебреште, снимено од југоисток

Fig. 8. Locality Kale Lenishte - Debreshte, photographed from the southeast



Сл. 9. Лок. Клепа - Двориште- снимено од југ

Fig. 9. Site Klepa - Yard - filmed from the south



Сл. 10. Лок. Кале Крива Круша - Чашка, снимено од лок. Манастириште - Чашка

Fig. 10. - Site Kale Kriva Krusha - Caska, photographed from the locality Monastery - Caska

Сл. 11. Камена пластика од локалитетите: 1 и 2. Градиште - Дебреште, 3. Манастир Трескавец, 4. Св. Никола - Варош; 5. Св. Архангел Михаил - Варош.

Fig. 11. Architectural decoration from the sites: 1 and 2. Gradishte - Debreshte, 3. Monastery of Treskavec, 4. St. Nikolas - Varosh; 5. St. Archangel Michael - Varosh.



1.



2.



3.



4.



5.

стражарски кастел од времето на антигонидските кралеви Филип V и неговиот син Персеј.

Кастелот на Кале Лениште се состои од два сегменти. Повисока јужна акропола со мала, веројатно еднокорабна црква, и северно подградие. Неговата големина мери 112x60 метри (акропола 65x26/30 м; подградие 85x50 м, со вкупна површина од 0.39 ха. Кастелот бил утврден со одбранбен ѕид од кршени камења со сив варовен малтер. Во рамките на внимателното површинско рекогносцирање на кастелот и неговите околни падини, беа откриени девет монети. Најраната е раноантичка, неидентификувана, со брадест маж на аверсот (можеби Зевс). Една мала доцноантичка бронза, миним од доцниот IV век н.е. Пет рановизантиски монети, од кои 1 полуфолис на Јустинијан I, два полуфолиси на Јустин II (датирани 569/570 година), еден фолис на Анастасиј и еден фолис на Јустин II. Последна е средновековната монета тип ураниск (скифат) на Андроник II или Андроник III. Очигледно е дека се најбројни монетите од рановизантискиот VI век, вкупно пет примероци. Останатите наоди се: аморфни оловни парчиња, дел од оловна плоча, масивен железен клин за екстракција на камени блокови, фрагменти од керамички садови, дел од покривна тегула лаконски тип. Според тоа, сум на мнение дека на Кале Лениште, во VI, век егзистирал значаен стратегиски кастел – спекула, со задача на трансфер на сигналите од кастелите кај Седларево и Луковица кон градот на Маркови Кули-Варош, а истиот бил одржуван со стражарски смени кои перманентно престојувале во кастелот, база на локалитетот Кале, Дебреште.

Остатоци од голема рановизантиска воена база, со остатоци на ранохристијанска *intra muros* базилика, беа откриени од страна на тимовите на Институтот за старословенска култура од Прилеп, на локалитетот Кале, Дебреште[10]. Претпоставувам дека токму од базата на Кале, Дебреште, поаѓале стражарите и на двата кастели: Кале Лениште, Дебреште и Кале на Краста, Дебреште / Рилево.

Во текот на интензивните археолошки рекогносцирања на просторот помеѓу Дебреште и Рилево, посетив и документирав уште три кастели и една кула. Се работи за локалитетите: Карацово Кале, Рилево – огромен антички рефугиум, Мало Кале, Рилево – мала античка утврдена населба, Кале на Краста на границата помеѓу Рилево и Дебреште – стратегиски кастел од раната антика IV-III век, доцната антика III-VI век, и Кула Тервен – доцна антика / среден век, за контрола на превојот Преслап, на тромеѓата Рилево, Зрзе, Крапа[11].

Жителите на градот на Маркови Кули-Варош, ги гледале сигналите од Кале Лениште, Дебреште на 25.5 километри.

II. Сигнална линија Клепа – Маркови Кули, Варош

Оваа сигнална линија водела преку рановизантиските кастели: 1) Клепа, Двориште – 2) Манастириште и Кале, Крива Круша - 3) Трескавец, Дабница - Маркови Кули, Варош.

1. Клепа и Белград, Двориште и Скачинско Кале, Скачинци, општина Градско

На планинскиот врв Клепа (кота 1150 м) се наоѓал централен кастел-спекула во Средното Повардарје, од каде што во 6 век бил вршен трансфер на сигналите долж Вардарската магистрала од Скопскиот Регион кон градовите Стоби, Антигонеа и Стена[12].

Во источното подножје на Клепа, на 2.6 км, на ридот **Белград, Двориште**, се наоѓаат остатоци од силен доцноантички / рановизантиски стратегиски кастел-база[13]. Претпоставувам дека кастелот на Белград била првата рановизантиска база за одржување на кастелот – спекула Клепа. Меѓутоа, воините од неговата кота 774 м до врвот Клепа (1150 м) морале најпрво да слезат во Дворишкиот дол Дувло, за потоа повторно да одат нагоре кон Клепа. Можеби е ова причината за оформување на уште една рановизантиска база, поблиску до врвот Клепа, онаа на ридот Скачинско Кале, Скачинци.

Скачинско Кале го откривме и истражувавме со професор д-р Коста Ациевски на 26 октомври и 1 ноември 1996 година, кога откривме и една остава на 205 рановизантиски бакарни монети кои засега укажуваат, според последната сигурно датирана монета, на 559/560 година, што посочува на насилно уривање на кастелот во напад на Кутригурите[14]. Кастелот – база на Скачинско Кале се наоѓа на котата 979 метри, на 1 километар западно од Клепа. Конечно, височинската разлика изнесува 170 метри. Формата на фортификацијата е приближно правоаголна, издолжена со големина од 316x85 метри. Овие информации говорат за идејата на прикриена воена база, западно, зад масивот на Клепа, од којашто војниците успевале релативно побргу и полесно да излезат на карпестата стражарска чука на врвот Клепа.

10 Види го резимето на податоците од истражувањата на Кале кај: I. Mikulčić, *Spätantike und frühbyzantinische*, 348-350.

11 Истражувања: Карацово Кале, Рилево (В.Л.А.: 02. 06. 1995), Мало Кале (В.Л.А.: 11. 10. 2011), Рилево, Кале на Краста на границата помеѓу Рилево и Дебреште (В.Л.А.: 23-24. 08. 2012), и Кула Тервен за контрола на превојот Преслап, на тромеѓата Рилево, Зрзе, Крапа (В.Л.А.: 17. 08. 2012).

12 Види ја литературата наведена во фуснота бр. 1.

13 Кастелот на Белград, Двориште го истражуваше и публикуваше И. Микулчиќ, „Античко светилиште и тврдини на Клепа“, *ГЗФФ* 36 (1983): 193-206.

14 В. Лилчиќ, „Доцноантички комуникации и пунктови во регионот на Средното Повардарје (I. Регионот на Велес)“, *Македонско Наследство* 7, (1998), 13-53.; V. Lilcic & K. Adzievski, „Coin Hoard discovered in the Veles District“, *Macedonian Numismatic Journal* no 3, (1999): 73-81.



Сл. 12. Движни наоди: 1 Кале Крива Круша, 16 нумии Јустинијан; 2 Манастир Трескавец полу фолис на Јустинијан; 3 појасна тока од типот Сучидава

Fig. 12. Movable finds: 1 Kale Kriva Krusha, 16 numias Justinian; 2 Monastery of Treskavec half follis of Justinian; 3 clearer point of the type Suchidava

2. Манастириште и Кале, Крива Круша, општина Чашка

Кастелот спекула на локалитетот Манастириште, Крива Круша го истражував и документирав на 20. 5. 2009 година, додека кастелот-база на локалитетот Кале, Крива Круша, многу порано, на 6. 8. 1986 година, со уште една истражувачка посета со професор д-р К. Ациевски на 9. 11. 1996 година. И тука се работи за комбинацијата кастел – спекула на доминантниот врв Манастириште, Крива Круша, кота 1106.3 м, и кастел – база на локалитетот Кале, Крива Круша, кота 900.6 м. Правоаголната форма на утврдувањето Кале, Крива Круша во старт упатува на неговата воено-стратегиска функција. Меѓутоа, при публикувањето на податоците од мојата прва посета на локалитетот, раководителот на пректот, И. Микулчиќ, го интерпретираше како утврдена населба од V-VI век[15]. Дури откога во 2009 година го открив и истражував кастелот на Манастириште, Крива Круша, успеав да го согледам стратегискиот карактер на фортификацијата Кале од рановизантискиот VI век. Имено, на Кале откривме 16 нумии на царот Јустинијан I. А од доминантната кота на кастелот Манастириште, на исток ј/и, ја гледаме Клепа, оддалечена 17.78 км, и на југозапад, доминантната фортификација Трескавец, оддалечена на 21.64 километри.

3. Трескавец, Дабница, општина Прилеп

Доминантниот планински врв Трескавец, во раната антика, претставувал култен локалитет каде бил почитуван громовникот Аполон (локална варијанта Етевданиск)[16]. Карпестиот шилец со котата 1422 м, денес позната како Златоврв, доминира над издолженото плато во западното подножје на кое се наоѓа Манастирот Трескавец со црквата Успение на Пресвета Богородица. Платото било утврдено уште во раната антика.

Животот на ова прастаро култно место што низ времето прераснало во утврдена населба позната како Колобаиса, интензивно егзистирал низ антиката и средниот век до денес[17]. Населбата, веројатно егзистирала врз база на приходите од светилиштето на Аполон и Артемида. Во рановизантиско време, кога на платото била подигната ранохристијанска црква[18], се чини дека карактерот на Колобаиса бил кастел-спекула, во служба на трансфер на сигналите за алармирање од правецот на Клепа – Манастириште, Крива Круша кон градот на Маркови Кули, Варош.

Визуелната комуникација од врвот на Маркови Кули, Варош, до Златоврв изнесува 4.86 километри.

15 I. Mikulčić, *Spätantike und frühbyzantinische*, 433.

16 С. Бабамова, *Епиграфски споменици од Република Македонија датирани според македонската провинциска ера*, (Скопје : Институт за национална историја, 2005), 113, бр. 46, датиран во 112/3 година н.е.

17 Според С. Бабамова, *Епиграфските споменици*, 115-116, бр. 51.

18 В. Лилчиќ, *Македонскиот камен за боговите, христијаните и за живот по животот* том II, (Скопје : Македонска Цивилизација, 2002), 936-937.


К.О. ГРЧЕЦ
К.О. ШИШЕВО
К.О. БАРОВО
1044.5 m
1040
1030
1020
1010
N
БАРОВО / ШИШЕВО / ГРЧЕЦ
„КАЛЕ“
К.О. ШИШЕВО: ОПШТИНА САРАЈ,
К.О. ГРЧЕЦ: ОПШТИНА САРАЈ,
К.О. БАРОВО: ОПШТИНА СОПИШТЕ
0 50 100
M
1982; 25. 04. 1982;
28. 02. 1987; 04. 04. 1987
И. М. & В. Л. А.


"VRV BRIKUL", LUKOVICA
C.M. LUKOVICA,
MUNICIPALITY ZHELINO
GEODETIC BASE: MAP VGI, 1972, SCALE 1:25.000,
SECTION GRUPCIIN, NO. 731-1-2, DETAIL
LEGEND A - ACROPOLIS, B-C - HOUSING SECTORS
N
1100
1150
1200
1300
A
B
C
1
1238 m
0 50 100
M
27-28. 08. 1994.
Viktor L. Adamsen
4.637.900
4.637.800
4.637.700
4.637.600
7.514.400
7.514.500
7.514.600
7.514.700
7.514.800


"KALE JASIKI", SEDLAREVO
C.M. SEDLAREVO,
MUNICIPALITY ZHELINO
GEODETIC BASE: MAP VGI,
1972, SCALE 1:25.000, SECTION GRUPCHIN, NO. 731-
1-2, DETAIL
LEGEND: A - CASTLE; B - HOUSING SECTOR
N
A
B
1374
1350
1300
0
50
100
M
29. 07. 2003.
Viktor L. Adamsen
4.637.200
4.637.150
4.637.100
4.637.050
4.637.000
7.511.600
7.511.650
7.511.700
7.511.750
7.511.800
7.511.850


"KALE LENISHTE",
DEBRESHTE
C.M. DEBRESHTE - C.M. KOSHINO,
MUNICIPALITY DOLNENI
GEODETIC BASE: G.U. SKOPJE 1963,
1:2500, SECT. GOSTIRAZHNI, 7H7-71, DTL.
N
A
B
1270.9
1273.0
1270
1260
1250
1240
1230
C.M.DEBRESHTE
C.M.KOSHINO
0
50
10. 05. 1997. M
Viktor L. Adamsen
4.593.650
4.593.600
4.593.550
4.593.500
4.593.450
7.524.100
7.524.150
7.524.200


617.5
619.2
618.2
618.4
618.8
615
615.0
"KALE - GRADISHTE",
DEBRESHTE
K.O. DEBRESHTE, MUNICIPALITY DOLNENI
GEODETIC BASE: GU-SRM, SKOPJE, 1963,
SECT. GOSTIRAZHNI, NO. 7H7-83, DTL.
0 50 100
M J. Rauhut, redrawed by V.L.A.
4.592.300
4.592.250
4.592.200
4.562.150
7.528.200
7.528.250
7.528.300
7.528.350
7.528.400


1128.5
1129.0
1132.6
1150
1140
1130
1120
1110
1100
1090
1114.4
K.O. DVORISHTE
K.O. KRAJNICI
"KLEPA",
DVORISHTE VILLAGE
KRAJNICI VILLAGE
DVORISHTE: MUNICIPALITY OF GRADSKO
KRAJNICI: MUNICIPALITY OF CHASHKA
0 50 100
August 1975 M
Ivan Mikulchikj
redraw V.L.A.
4.603.300
4.603.250
4.603.200
4.603.150
7.568.250
7.568.300
7.568.350
7.568.400
7.568.450
7.568.500


"KALE", KRIVA KRUSHA
C.M. KRIVA KRUSHA, MUNICIPALITY CHASHKA GEODETIC BASE: MAP RGU SKOPJE, 1993
SCALE 1:2500, SECTION VELES, NO. 718-83, DETAIL
890.5
892.9
897.3
897.9
900.6
893.6
N
890
880
870
860
850
840
0
50
100
06. 08. 1986.
M
Viktor L. Adamsen
7.551.400
7.551.450
7.551.500
7.551.550
4.606.800
4.606.750
4.606.700
4.606.650
4.606.600


"MANASTIRISHTE", KRIVA KRUSHA
K.O. KRIVA KRUSHA, MUNICIPALITY CHASHKA
GEODETIC BASE: MAP RGU SKOPJE, 1993.
SCALE 1:2500, SECTION VELES, NO. 718-93 DETAIL
1096.2
1098.2
1103.3
1106.3
1070
1080
1090
1100
N
0
50
20. 05. 2009. M Viktor L. Adamsen
7.550.750
7.550.800
7.550.850
4.605.950
4.605.900
4.605.850
4.605.800


Viktor Lilčik 09. 05. 1993; 30. 11. 2011
TRESKAVEC, DABNICA (SV. BOGORODICA)
KOLOBAISA
K.o. DABNICA, OPŠTINA PRILEP
PODLOGA: KARTA DRZAVEN ZAVOD ZA GEODETSKI RABOTI
1:25.000, SEKCIJA PRISAD, BR. 782-1-1, DETAL
LEGENDA:
A - akropola; B - dolni grad naselba; 1. Zlatovrv; 2. Manastir Treskavec (Sv. Bogorodica); 3. bunar / bistrov - del od hram (?); 4. severen zid; 5-6. zapaden zid; 7. jugozapaden zid; 8-9. jugoistočen zid; 10. zooglif I av; 11. zooglif Žetka; 12. nekropolata Gumenje; 13. Klepalo; 14. grobovi; 15. grobovi; 16. grobnica / cisterna (?); 17. Ovoštarnik; 18. Mala porta
kon Dabnica
kon Prilep
1422 m
545 350
545 400
545 450
545 500
545 550
545 600
545 650
545 700
545 750
545 800
584 300
584 350
584 400
584 450
584 500
584 550
584 600
584 650
584 700
584 750
584 800
584 850
584 900
584 950
585 000


PADARNICA
TAŠAČICA
Markovi Kuli
Mgn.
Sv. Arhangel
Sv. Atanas
Sv. Dimitrie
Sv. Bogorodica
Sv. Petar
Sv. Nikola
POTKULI
800
700
0
100
500
m
1.M.

SUMMARY

MARKOVI KULI-VAROSH IN THE CONTEXT OF THE EARLY BYZANTINE SIGNAL SYSTEM IN THE VI CENTURY AD.

Viktor LILČIĆ ADAMS

The text publishes the information about the alarm signal from the northern region of Skopje to the Pelagonian city of Markovi Kuli and Potkuli, Varos, during the VI century AD, about the barbaric attacks. These are two signal lines: 1) Kale, Barovo - the valley of the river Treska - Kale Lenishte, Debreshte - Varos and 2) Klepa, Dvorishte - Kale, Kriva Krusha - Treskavec - Varos.

Key words: *VI century, alarm, the city of Markovi Kuli, Varos*